**ЗАПИСНИК**
**од 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 14.02.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски во врска со Точката бр.2 објасни дека во материјалите има детален список на предлозите за покренување постапки и се работи за 9 телевизии и 13 радија.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за“ го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.02.2020 година.
2. Предлози за покренување на постапки за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување на радиодифузери.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Телевизија Макпетрол ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
4. Информација за Нацрт ревизија на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) ревизија 2020-2023.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка–услуга: Одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа предложениот Записник од 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.02.2020 година.

Г-дин Петрушевски најави дека за дел од содржината на записникот има предлог за корекција од раководителката на Секторот за правни работи д-р Андриана Скерлев Чакар, која го известила преку меил. Рече дека тој лично се согласува но треба и членовите на Советот да ја слушнат бидејќи записникот се усвојува доколку сите членови се согласат. Објасни дека забелешката е во врска со една конверзација помеѓу г-дин Фиданоски и раководителката Скерлев Чакар.

Раководителката на одделението за поддршка на работата на Советот Маја Дамевска објасни дека забелешката се наоѓа во Точка 3 страна 4 од Записникот односно на страна 5 од вкупниот материјал. Во третиот пасус со оглед дека раководителката Скерлев Чакар одговара на поставено прашање од г-дин Фиданоски, предложила после зборот „можеби" да стои зборот „Вие", и наместо зборот "соочуваат", да стои зборот „соочувате", со што реченицата би гласела „...рече дека можеби Вие првпат се соочувате со..."

Г-дин Фиданоски рече дека е во ред, комуникацијата била таква и за да се задржи официјално нивото на седницата за него е прифатливо. Во врска со неговата пренесена дискусија во записникот рече дека има предлог за две правописни корекции. Објасни дека веројатно во вербалното обраќање кажал така како што пишува во Записникот, меѓутоа бидејќи се работи за пишан материјал која останува како траен документ, предложи во неговата дискусија на страна 6 од Записникот зборот „шкоди" да се замени со зборот „пречи" а на страна 8 од Записникот 4-ти ред зборот „контра" да се замени со зборот „спроти".

Г-дин Јанчески рече дека исто така има забелешка во дел од неговата дискусија која се наоѓа на страна 7 од вкупниот материјал, во 5-от пасус, од исти причини како и претходните дискутанти. Предложи зборот „постои" да се замени со зборот „се иницира".

Советот со предложените корекции од раководителката Скерлев Чакар, г-дин Фиданоски и г-дин Јанчески со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Трајчев го усвои предложениот Записник од 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.02.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски во врска со 9-те предлози за покренување на постапки за одземање на дозволата за телевизиско емитување и 13-те предлози за радио емитување предложи објаснувањето и дискусијата да биде заедничка за сите 22 предлози а гласањето да биде поединечно за секој радиодифузер посебно.

Г-дин Трајчевски објасни дека за сите наведени предлози има едно образложение а тоа е дека не го платиле навремено и во целост годишниот надоместок за дозволата за телевизиско или радио емитување. Затоа се предлага за сите 22 радиодифузери да се отпочне постапка за одземање на дозволата.

Г-дин Петрушевски отвори дискусија во однос на тоа зошто радиодифузерите дошле до оваа ситуација, зошто не го платиле надоместокот навремено.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.08-1 од 05.01.2015 година поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-557/1 од 10.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2020-100-0001 од 09.01.2020 година заклучно со 08.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, не извршил уплата во износ од 2.657.131,00 (два милиона шестотини педесет и седум илјади сто триесет и еден) денар.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, бр.08-15 од 05.01.2015 година поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-559/1 од 10.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената фактура ф-ра бр.2020-100-0010 од 09.01.2020 година, заклучно со 08.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, ТРД ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, има извршено само делумна уплата во износ од 566.795,00 (петстотини шеесет и шест илјади седумстотини деведесет и пет) денари (уплатата е на ден 04.02.2020 година). Согласно наведеното ТРД ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје има за доплата износ од 200.000,00 (двесте илјади) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија, бр.08-43 од 05.01.2015 година поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-560/1 од 10.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2020-100-0016 од

09.01.2020 година, заклучно со 08.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија, не извршил уплата во износ од 71.684,00 (седумдесет и една илјада шестотини осумдесет и четири) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ – ЛД ДООЕЛ Кочани, бр.08-44 од 05.01.2015 година поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-561/1 од 10.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2020-100-0017 од 09.01.2020 година, заклучно со 08.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ – ЛД ДООЕЛ Кочани, не извршил уплата во износ од 100.178,00 (сто илјади сто седумдесет и осум) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, бр.08-50 од 05.01.2015 година поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-562/1 од 10.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2020-100-0021 од 09.01.2020 година, заклучно со 08.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, не извршил уплата во износ од 79.827,00 (седумдесет и девет илјади осумстотини дваесет и седум) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, бр.08-55 од 05.01.2015 година поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-563/1 од 10.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2020-100-0024 од 09.01.2020 година, заклучно со 08.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за

уплата на надоместокот ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, не извршил уплата во износ од 79.060,00 (седумдесет и девет илјади и шеесет) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, бр.08-56 од 05.01.2015 година поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-564/1 од 10.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената фактура ф-ра бр.2020-100-0025 од 09.01.2020 година, заклучно со 08.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, има извршено само делумна уплата во износ од 40.286,00 (четириесет илјади двесте осумдесет и шест) денари (уплатата е на ден 17.01.2020 година). Согласно наведеното Трговско друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ има за доплата износ од 56.000,00 (педесет и шест илјади) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ – АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница, бр.08-59 од 05.01.2015 година поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-565/1 од 10.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2020-100-0028 од 09.01.2020 година, заклучно со 08.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД ТВ - АНИСА ДООЕЛ с. Пласница - Пласница, не извршил уплата во износ од 53.948,00 (педесет и три илјади деветстотини четириесет и осум).

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија КАНАЛ – 21 ДООЕЛ Велес, бр.08-49 од 05.01.2015 година поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-593/1 од 11.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2020-100-0020 од

09.01.2020 година, заклучно со 10.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД Телевизија КАНАЛ – 21 ДООЕЛ Велес, не извршил уплата во износ од 97.244,00 (деведесет и седум илјади двесте четириесет и четири) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, бр.08-64 од 05.01.2015 година поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-566/1 од 10.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр. 2020-100-0032 од 09.01.2020 година заклучно со 08.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, не извршил уплата во износ од 480.518,00 (четиристотини и осумдесет илјади и петстотини и осумнаесет) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на РТД АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново, Арачиново, бр.08-67 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-567/1 од 10.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2020-100-0034 од 09.01.2020 година, заклучно со 08.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, Радиодифузното трговско друштво АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново, Арачиново не извршил уплата во износ од 184.781,00 (сто осумдесет и четири илјади и седумстотини осумдесет и еден) денар.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола, бр.08-88 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-569/1 од 10.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според според доставената ф-ра бр.2020-100-0055 од 09.01.2020

година, заклучно со 08.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола не извршил уплата во износ од 34.727,00 (триесет и четири илјади и седумстотини дваесет и седум) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УКЛО ФМ Битола, бр.08-89 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-570/1 од 10.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2020-100-0056 од 09.01.2020 година, заклучно со 08.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УКЛО ФМ Битола не извршила уплата во износ од 12.882,00 (дванаесет илјади и осумстотини осумдесет и два) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО БРАВО ДООЕЛ Куманово, бр.08-108 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-571/1 од 10.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2020-100-0073 од 09.01.2020 година, заклучно со 08.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, Трговското радиодифузно друштво РАДИО БРАВО ДООЕЛ Куманово не извршил уплата во износ од 32.690,00 (триесет и две илјади и шестотини и деведесет) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Друштвото за радиодифузна дејност, трговија и услуги ЕКО РАДИО ДООЕЛ Пробиштип, бр.08-120 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-573/1 од 10.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2020-100-0082 од 09.01.2020 година,

заклучно со 08.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, Друштвото за радиодифузна дејност, трговија и услуги ЕКО РАДИО ДООЕЛ Пробиштип не извршил уплата во износ од 10.113,00 (десет илјади и сто и тринаесет) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ – Универзитет Гоце Делчев Штип, бр.08-135 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-574/1 од 10.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2020-100-0096 од 09.01.2020 година заклучно со 08.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ – Универзитет Гоце Делчев Штип не извршила уплата во износ од 8.989,00 (осум илјади и деветстотини осумдесет и девет) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ВАТ ДОО Скопје, бр.08-69 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-575/1 од 10.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2020-100-0036 од 09.01.2020 година, заклучно со 08.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, има извршено само делумна уплата во износ од 104.781,00 денари (сто и четири илјади и седумстотини осумдесет и еден) денар (уплатата е извршена на ден 04.02.2020 година). Согласно наведеното Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје има за доплата износ од 80.000,00 (осумдесет илјади) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга, бр.08-124 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-595/1 од 11.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2020-100-0085 од 09.01.2020 година, заклучно со 10.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, Трговското радиодифузно друштво РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга не извршил уплата во износ од 24.779,00 (дваесет и четири илјади и седумстотини седумдесет и девет) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, бр.08-102 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-596/1 од 11.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2020-100-0067 од 09.01.2020 година, заклучно со 10.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, Трговското радиодифузно друштво РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ не извршил уплата во износ од 14.447,00 (четиринаесет илјади и четиристотини четириесет и седум) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово, бр.08-84 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-594/1 од 11.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр. 2020-100-0051 од 09.01.2020 година заклучно со 10.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, Трговското радиодифузно друштво СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово, не извршил уплата во износ од 9.413,00 (девет илјади четиристотини и тринаесет) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРДД Б-97 ДООЕЛ Битола, бр.08-87 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-633/1 од 13.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2020-100-0054 од 09.01.2020 година, заклучно со 12.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот Трговско Радио-Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, не извршил уплата во износ од 34.727,00 (триесет и четири илјади седумстотини дваесет и седум) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје, поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-632/1 од 13.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2020-100-0037 од 09.01.2020 година, заклучно со 12.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје, има извршено само делумна уплата во износ од 55.967,00 (педесет и пет илјади деветстотини шеесет и седум) денари (уплатата е на ден 15.01.2020 година). Согласно наведеното Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје има за доплата износ од 80.000,00 (осумдесет илјади) денари.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече дека сите овие радиодифузери имаат рок до 28 февруари оваа година да го платат надоместокот, кога Советот ќе има седница на која што ќе одлучува за конечно одземање на дозволата доколку не платат. Рече дека ќе биде добро ако на радиодифузерите им се каже за терминот до кога најдоцна треба да уплатат. Изрази надеж дека сите навремено ќе го подмират долгот за да не им се одземе дозволата поради финансиски причини и дека сите 9 телевизии и 13 радија ќе изнајдат сили да уплатат. Од таа причина до службата порача со време точно да ги известат, ако треба и лично да им се јават, бидејќи станува збор за важна работа.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Телевизија Макпетрол ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Објасни дека извештајот е од вонреден надзор реализиран по претставка иницирана од физичко лице. Претставката се однесуваше на несоодветен термин на емитување на играниот филм „Срећниот принц". Надзорот е направен на 07.01.2020 година и е констатирано дека овој игран филм е погрешно означен како програма од втора категорија а според критериумите од Правилникот треба да се означи како програма од трета категорија и притоа се емитува во несоодветен временски термин од денонокието. Според Правилникот програмите од третата категорија може да се емитуваат во периодот по

20:00 часот. Поради тоа се предлага мерка јавна опомена со рок од 30 дена за усогласување и потоа да се изврши контролен надзор за да се провери дали е направено усогласување со ЗААВМУ. Радиодифузерот во дадениот рок за изјаснување не се изјаснил по констатациите од извештајот.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен програмски надзор, вонреден, по претставка (иницијатива на физичко лице) бр.10-382/1 од 27.01.2020 година и едногласно заклучи на ТРД Телевизија Макпетрол ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена заради прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, затоа што на 7 јануари 2020 година, играниот филм „Срećниот Принц", беше погрешно категоризиран и означен како програма од Втора категорија (8+), и беше емитуван во несоодветен временски период од денонoќието, пред 20 часот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска ја образложи Информацијата за Нацрт ревизија на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) ревизија 2020-2023. Објасни дека минатата недела поточно на 7 февруари оваа година Министерството за правда ја информираше Агенцијата дека Секретаријатот за европски прашања го започна процесот на подготовка на Нацрт ревизија на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) ревизија 2020-2023 и при тоа е побарано од институциите да достават соодветен материјал. Согласно насоките за подготовка на материјалот се пристапи кон изготвување на наративен дел и матрица на цели и активности. Во наративниот дел е нотирано она што е реализирано во 2019 година поточно најважните активности и она што е во тек на реализација. Во краткорочни приоритети се содржани активностите што се планираат да се реализираат оваа година, а согласно Годишната програма за работа на Агенцијата и активностите што се предвидени во рамките на проектот на Совет за Европа и ЕУ - JUFREX II. Среднорочни и долгорочни проекти се активности кои се планирани за 2021 година односно од 2021 па натаму. Придружни документи на Информацијата се и два анекси. Едниот анекс се однесува на

Институции и човечки ресурси - овој образец претставува пресек заклучно со декември 2019 година, планираните вработувања за 2020 година и потребите за вработување за периодот 2021-2025. Вториот Анекс се однесува на Буџетот - Побарано е да биде внесен буџетот за 2020 година, како и проценка за буџетот во 2020 и 2021 година. Анексите кои што се однесуваат на ИПА не се пополнети затоа што нема тековни проекти ниту пак се планирани во скоро време. Наведе дека материјалот кој е приложен на седницата за разгледување ќе биде доставуван сукцесивно до Министерството за правда односно деловите од материјалот коишто се однесуваат на Поглавје 23: Правосудство и фундаментални права ќе бидат доставени до Министерството за правда, а оние коишто се однесуваат на Поглавје 10: Информатичко општество и медиуми до Министерството за информатичко општество и администрација, како координатори на споменатите поглавја. На Советот се предлага да ја усвои предложената информација.

Г-дин Петрушевски рече дека се надева дека Агенцијата нема да прави никакви пречки туку активно ќе придонесе за влез во ЕУ. Оваа информација Советот ќе треба да ја усвои бидејќи е во нејзина надлежност.

Г-дин Фиданоски рече дека има една сугестија и се надева дека ќе биде прифатлива за Службата, односно да се стави една реченица која иако ја има во Информацијата, меѓутоа кај среднорочните приоритети да се стави и имплементација на ревидираната аудиовизуелна директива, затоа што тоа би дошло во 2021 година. Ако е можно рече, затоа што не верува дека тоа ќе се направи во 2020 година, тоа веројатно нема да го имаат направено ни поголемиот дел од европските земји, но после нејзиното усвојување таа налага до крајот на септември да се усвои од земјите членки на ЕУ, а нашата држава како претендент би било пожелно имплементацијата да ја спроведе што е можно поскоро. Нашата држава е претендент да биде членка во унијата и бидејќи рече на сите овде им е јасно дека чекорот во овој дел го следат со добро темпо кое го одржуваат со најразвиените европски земји во аудиовизуелната политика можеби не е лошо да се спомене. Доколку службата смета дека исклучиво треба да е вака како што е тогаш тоа е веќе друго прашање.

Раководителката Љубевска одговори дека во делот на аудиовизуелната политика нотирано е дека како кандидат за членка на ЕУ е и нашата држава која што легислатива треба да ја усогласи со европската. Меѓутоа рече дека не може да се оди понатаму бидејќи ова е делот на предлагачот на законите МИОА и тие го даваат својот придонес. Оној момент кога ЗААВМУ ќе се усогласи со ревидираната директива, тогаш Агенцијата ќе нотира дека веќе ќе стане збор за имплементација. Меѓутоа сега од таа прична не може да се додаде во тој дел таа реченица.

Советот на Агенцијата едногласно ја усвои предложената Информација бр.02-631/1 од 13.02.2020 година за Нацрт- ревизија на Националната програма за усвојување на европското законодавство НПАА 2020-2023.

**Точка 5**

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка–услуга: Одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење. Објасни дека точката ќе ја образложи од аспект на Законот за

јавни набавки. Наведе дека е предвидена во Годишниот план за јавни набавки а средствата се обезбедени со финансиски план. Станува збор за постапка која се спроведува како постапка со преговарање без објавување на оглас бидејќи станува збор за одржување на софтвер за кој што Агенцијата како набавувач го нема откупено изворниот код и е останат кај носителот на набавката кој е наведен во материјалите. Информира дека пред да се пристапи кон спроведување на набавката од Бирото за јавни набавки ќе биде потребно претходно да се обезбеди мислење. Ова е новина која е предвидена со постојниот Законот за јавни набавки за разлика од претходниот.

Г-дин Петрушевски рече дека мислењето од Бирото за јавни набавки и помага и на службата и на директорот и на Советот затоа што тоа има голема тежина. Доколку бирото не најде забелешка за постапката значи дека сите се законски покриени. Праша за колкав временски период се предвидува набавката дали за 24 месеци или за 12?

Раководителката Митревска одговори дека договорот ќе биде за 12 месеци.

Г-дин Петрушевски објасни дека доколку предвидениот износ се подели на 12 месеци ќе дојде околу 20 илјади месечно.

Раководителката Митревска објасни дека претходно имаше интенција да не се спроведе оваа набавка но потоа од надлежниот сектор произлезе дека има потреба од неа.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ објасни дека набавката треба да се спроведе затоа што сите податоци за финансиското и економско работење се наоѓаат во овие софтвери и не станува збор само за софтверот на овој сектор туку тој е интегриран и сите други сектори имаа дел во овој софтвер како кадровска евиденција, потоа евиденција за претставки и сл. Првпат од оваа фирма е купен софтверот за финансиско работење и плати. Советот даде дозвола во септември минатата година но тогаш не се постигна договор со фирмата. Сега има и законски измени затоа има и адаптивно одржување бидејќи во платите има измени во процентите и треба да се смени. Ако за одредена адаптација се побара на повик тогаш е многу поскапо отколку ако има договор и за адаптивно одржување.

Г-дин Петрушевски рече дека овој софтвер вообичаено го викаат ERP кој е за целата институција и рече дека ќе даде поддршка за оваа набавка.

Г-дин Трајчев рече дека веќе еднаш на седница се разговараше во врска со оваа набавка, за да се направи една анализа дали е подобро да се купи софтвер со изворниот код и ќе биде во сопственост на Агенцијата или да се користи туѓ софтвер каде што ќе се плаќа одржување. Праша дали е направена таква анализа во функција на поцелисходно трошење на средствата на Агенцијата и ефикасно работење. Од таа причина рече дека можеби треба да се размислува за купување на софтвер во сопственост на Агенцијата па ќе може да се одржува од било кого и понатаму тоа одржување да биде поевтино доколку е потребно.

Раководителот Радуновиќ рече дека одржување на софтверот е секогаш потребно пред се затоа што се работи за менување на прописите и затоа што сите податоци за економското работење се во него и тоа за години наназад и затоа што Законот вели дека 10 години треба да се чуваат. Во Агенцијата е 22 години и досега само два пати софтверот се има сменето.

Г-дин Трајчев рече дека е неспорно дека во моментот има потреба за оваа набавка но прашањето е затоа што побарал минатиот пат да се направи анализа дали е подобро да се купи софтвер со изворен код во сопственост на Агенцијата или е подобро да се продолжи на ваков начин. Праша дали таа анализа е направена и до каде е таа процедура?

Г-дин Петрушевски рече дека било потребно само на фирмата да се прати еден меил во насока колку чини да се купи изворниот код и кога ќе одговорат тоа е анализата.

Г-дин Трајчев рече дека не е само тоа можеби ќе треба да се нарача и изработка на нов софтвер. Рече дека не е експерт во оваа област, но треба да се направи една анализа од страна на Агенцијата како е подобро, како подобро ќе се трошат средствата и како ќе се добие поефикасна услуга за тој софтвер. А таа анализа е побарана одамна.

Г-дин Петрушевски рече познавајќи ги колегите не само што работат во секторот за ИТ во Агенцијата туку и тамо каде што работи, постои голема можност да нема вработено ниеден апликативен програмер, нема кој да ја направи анализата ќе треба и за тоа да се плати.

Г-дин Трајчев рече ако е така тогаш и за тоа нека го информираат Советот во смисла дека нема капацитет, за да знаат. Советот побарал да се направи анализа, не е добиено повратно и се продолжува понатаму. Побара да се достави информација во која ќе се наведе има капацитет или нема, може да се купи или не може. Не е спорно ако е вака подобро Советот тоа да го усвои но сепак треба да знае дека е така.

Г-дин Петрушевски рече дека се согласува и дека овој пат треба службата да ја направи побараната анализа до крај.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-460/1 од 03.02.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година.

**Точка 6**

**Разно**

Г-дин Трајчев рече дека сака да даде еден предлог кој ќе биде во функција на подобро работење на Советот. Не сака да биде погрешно разбран бидејќи нема забелешки на работењето на претседателот на Советот, тоа е коректно и конструктивно. Но во однос на свикување на седниците смета дека е подобро да се утврди еден термин за редовните седници затоа што секоја недела има седница и сите ќе знаат дека во тој термин, во тој ден има седница. Нормално дека постојат точки кои се врзани со рокови и треба да се отстапи од утврдениот термин но

генерално кога на дневен ред се јавни набавки, информации и други точки кои што не се врзани со рок можеби е добро Советот да знае во кој ден, во кој термин редовно има седница, се разбира доколку не се појави потреба од нешто вонредно поврзано со итност и мора да се реагира веднаш. Смета дека на таков начин ќе биде поефикасно работењето на Советот. Повторно рече дека не сака да биде разбран погрешно со овој предлог туку предлогот е само во функција на поефикасно работење. Секој на пример би знаел условно речено дека во четврток во 14:00 часот редовно има седница со можност и во друг термин, а доколку е тоа потребно и смета дека е тоа добро за работењето на Советот. Го дава како предлог по кој не мора сега одма нешто да се заклучи, може да се размисли, да има една подобра предвидливост на седниците за да можат сите да бидат присутни.

Г-дин Петрушевски рече дека проблем е во роковите што ЗААВМУ ги наметнува, има рокови кога мора да се делува а кога не мора, и тие рокови не секогаш се фиксни и нема секогаш фиксен настан. Советот не може да знае кога радиодифузерот ќе направи прекршување, кога некој ќе поднесе претставка и ќе го пријави, премногу е жива таа материја и од таа причина договарањето за следните седници го прават спрема настаните што се случуваат. Најчесто се обидуваат на седниците да се договорат и да ги кажат деновите кога треба да имаат седница, кога можат. Кога не можат прават седница од денес за утре. Рече дека до сега секогаш се обезбедувало кворум, немало случај да нема отсутни членови повеќе од двајца. Во тој дел успешно работат. Пожелно е кога одат во странство како г-дин Јанчески што направил, претходно да му најават и тогаш нема да има проблем, ако се јави некој втор ќе му рече „извини не може сега, се пријави пред тебе колегата гледај ако можеш да дојдеш за да има присуство".

Г-дин Трајчев се согласи дека многу пати тоа не може да се предвиди, но многу пати има точки кои што не се од итен карактер односно тие може да се ставаат во одреден термин во неделата. Нема да прави разлика дали во среда, четврток или петок. Ако начелно има дефинирано некој термин кога редовно ќе се одржуваат седниците освен во ситуации кога роковите налагаат друг термин, мисли дека е добро да се размисли за таква варијанта за да секој знае, предвидливо, тековно, нормално, регуларно кога се одржува седница.

Г-дин Петрушевски рече дека со мнозинството членови на Советот, со најголемиот дел немал никогаш проблем со седниците, секогаш имало присуство.

Г-дин Трајчевски објасни дека следната недела треба повторно да има седница поради друга група на радиодифузери на кои за два дена им истекуваат роковите за уплаќање. Од таа причина се гледаше и сега да се групираат сите 22 радиодифузери во еден ден за да нема секој ден седница. Повторно ќе се групираат и следните радиодифузери за следната недела. Најави дека на 27 и 28 февруари треба да има седници затоа што на 27 февруари треба да оди завршната сметка, а на 28 овој месец е точката поврзана со покренување на постапките на 22-та радиодифузери која ќе треба да резултира со одземање на дозволата или запирање на постапки. Во зависност дали следната седница ќе биде вторник или среда, седницата за запирање на постапките или одземање на дозволи за таа група на радиодифузери ќе дојде на 3 или 4 март.

Г-дин Петрушевски рече дека проблемот се јавува доколку членовите на Советот одат во странство а не го информирале претходно, затоа што постои можност

да не може да обезбеди кворум ако бидат тројца отсутни. До сега секогаш обезбедувале кворум, освен во случај некој ако е болен или член од семејство тоа е виша сила и не може да се планира.

Г-дин Трајчев рече дека сепак сака да размисли и да ги информира членовите за редовни седници кои не се врзани со рокови во кој ден од неделата би биле редовно, тековно. Во летниот период или во некој други периоди кога Советот редовно работи нема точки од итен карактер врзани со рокови. Од таа причина добро е да знаат во кој ден би била седницата.

Г-дин Петрушевски рече дека некаде во мај месец ќе треба да размислат сите за да се договорат за годишните одмори затоа што минатата година едвај се договориле за термините. Советот брои 7 члена а двајца во секој момент може да бидат отсутни. Гледајќи го Законот повеќе од двајца не може да бидат отсутни. Пред некое време отсутни требало да бидат 3 члена и едвај се договориле.

Г-дин Фетаи во врска со предлогот од г-дин Трајчев рече дека може да се размисли иако како што кажал г-дин Петрушевски немале проблем во поглед на тоа кога ќе имаат седница и биле флексибилни. Ова го потсетува на она што пишува во Уставот дека Собранието е во постојано заседавање, така и Советот на Агенцијата е во постојано заседавање спрема потребите, кога е потребно во 15:00, 16:00, 17:00 или 18:00 часот. Првпат слуша за еден ваков предлог и гледа можност дека може да се размисли да има утврден ден на пример четврток или петок. Но тогаш ќе треба да се оди во спротивна позиција, ако го одредат четврток во 14:00 часот, тогаш доколку нема потреба за таа седница ќе треба претседателот да ги информира дека овој четврток нема да се одржи таа седница бидејќи нема материјали.

Г-дин Петрушевски рече дека во иднина ќе внимаваат сите повеќе, тоа е решението.

Бр. 02-605/27
21.02.2020 година
Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**